Врз основа на член 27 од Законот за државјанство на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија“, бр. 67/92) министерот за внатрешни работи донесува

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА ОБРАСЦИТЕ ШТО СЕ ПРИМЕНУВААТ ОДНОСНО ИЗДАВААТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење евиденција за државјаните на Република Македонија и обрасците на: барањето за стекнување на државјанството на Република Македонија и уверението за државјанство на Република Македонија.

Член 2

Евиденцијата за државјаните на Република Македонија е во вид на регистар кој ги содржи следните рубрики: реден број; презиме, име на еден од родителите и име; место на раѓање; матичен број; основ на запишување во регистар и датум; основ и датум на бришење од евиденција и забелешка.

Евиденцијата од став 1 на овој член се води во Министерството за внатрешни работи.

Евиденцијата за државјаните на Република Македонија кои стекнале државјанство на Република Македонија односно на кои им престанало државјанството на Република Македонија, согласно Законот за државјанство на Република Македонија се води во седиштето на Министерството за внатрешни работи во вид на регистар кој ги содржи следните рубрики: реден број; презиме, име на еден од родителите и име; датум и место на раѓање; живеалиште; занимање; поранешно државјанство односно државјанство со кое се стекнува; назив, број и датум на решението; датум на врачување на решението и забелешка.

Член 3

Евиденцијата за државјанството на Република Македонија се води автоматизирано.

Член 4

Во регистарот за државјаните на Република Македонија се запишуваат лицата за кои ќе се утврди дека се државјани на Република Македонија.

Запишувањето во регистарот ќе се изврши при поднесување на барање за издавање на лична карта.

Редните броеви почнуваат со број 1 и течат непрекинато од година во година.

Член 5

За новородените деца запишувањето во регистарот на државјаните на Република Македонија се врши по редот на поднесените пријави за новородени деца.

Дете од непознати родители најдено на територијата на Република Македонија се запишува во регистарот на државјаните на Република Македонија според местото на наоѓање.

Лицата кои стекнале државјанство на Република Македонија со природување се запишуваат во регистарот за државјаните на Република Македонија според нивното живеалиште односно престојувалиште. Ако лицето нема живеалиште односно престојувалиште во Република Македонија, ќе биде запишано во регистарот за државјаните на Република Македонија во град Скопје.

Член 6

Уверение за државјанство се издава врз основа на барање, (Образец број 1) кое се поднесува до подрачната организациона единица на Министерството за внатрешни работи каде што лицето има живеалиште.

Уверението за државјанство на Република Македонија се издава на образецот број 2.

Член 7

Образецот број 1 и 2 се составен дел на овој правилник.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 121-205/1
5 јануари 1993 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
д-р **Љубомир Фрчкоски,** с. р.

Образец бр.1

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
УПРАВА-ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
______________________________

БАРАЊЕ
за стекнување односно престанок на
државјанството на Република Македонија

Од______________________ роден на____________ во________________од татко______________ и мајка ______________, со живеалиште односно престојувалиште во______________ ул.___________________бр.______, по националност_________________ државјанство на ____________ и мојата брачна другарка ______________ родена _____________на ____________ во _______________ од татко ______________ и мајка ______________ со живеалиште во_________________ул.________________бр.__, по националност ________________, државјанство на ____________________ и нашите деца:

1.________________________ роден на ________________ во ________________________
(лично име)

2.

3.

Кратка биографија за подносителите:

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

Причини поради кои се бара стекнување односно престанок на државјанството на РМ (кај престанокот на државјанството на РМ да се наведе со чие државјанство ќе се стекне).

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

Дата и место на поднесување
на барањето

___________________________

___________________________
Потпис на подносителите на
барањето

Образец бр. 2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
УПРАВА-ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

___________________________

Број______________________

______________199___година

Врз основа на член 23 од Законот за државјанство на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 67/92) и член 171 од Законот за општата управна постапка, а на барање ___________________________________________________________

________________________________________________________________________________

(име и презиме на подносителот на барањето)

од ____________________________________________________________________ се издава

( живеалиште)

У В Е Р Е Н И Е

Дека _______________________________________________________________ роден-а

( име и презиме)

на___________година_______во___________________ од татко_______________ и мајка _____________________

Е ДРЖАВЈАНИН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

и запишан е во регистарот на државјаните на Република Македонија за

_______________________________________________________ под реден број

( општина и матично подрачје)

_________________________________________________________

Таксата по Тар. број ________________од Законот за административните такси во износ од ______________ денари е наплатена, поништена на поднесокот.

М.П.

__________________________________

(потпис на службеното лице)